| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Природата во пролет |
| **Содржина на денот** | Пролетта е шарена, миризлива и цветна |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Адријана Станков |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Правилно миење на рацете со сапун и вода. Користење на средства за дизинфекција и редовно проветрување на просториите во кои што престојуваме. |
| **Активности** | Пролетта е најубавото годишно време. Природата плени со својата убавина и шареноликост. Цвеќињата мирисаат на сите страни, инсектите се насекаде, птиците преселници се враќаат од топлиот југ и повторно се населуваат во своите гнезда.<br>Разговарајте со Вашето дете за сето ова. Направете една прошетка во најблиската природа околу Вас, може во парк или ако ви дозволува времето во некое од нашите излетнички места. Поттикнете го да ја доживее оваа убавина и шаренило. Разговарајте за дрвјата , за нивните зелени крошни, за ластовичките кои летаат во небесните ширини. Заедно со Вашето дете собирајте цвеќиња ,нека го почувствува нивниот мирис, опишувајте и именувајте ги. Нека бара околу инсекти и нека ги именува-мравки, пеперутки, пчели, буба мари и слично. Покажете му го раниот зеленчук што го имате во домот и кој е многу корисен за неговото здравје и полн со витамини и раните овошки цреши и јагоди. Детето нека ги именува и опишува.<br>Со детето можете да играте една интересна игра. Ќе ви бидат потребни неколку списанија со карактеристиките на пролет-дрвја, трева, цвеќе ,птици преселници, инсекти, рано овошје и зеленчук. Исечете со ножички во вид на мали сликички. Ставете ги во една платнена торбича и детето нека вади по една сликичка и нека ги именува и опишува.Така ќе направите една систематизација на знаењето за пролетта. |